Подготвил:
Александар КЕЛТАНОСКИ

## HEWLETT-PACKARD, ПОГЛЕД ВО ИДНИНАТА



Компанијата "Hewlett-Packard" во Индија претстави група свои концептни уреди. Уредите ја рефлектираат визијата на компанијата за тоа какви би требало да бидат нивните уреди до 2012 година.



## YAHOO IM ЌЕ СЕ ВГРАДУВА ВО ИНТЕРНЕТ ПРЕЛИСТУВАЧИТЕ



Yahoo ќе ја нуди новата верзија на неговиот инстант месинџер вградена во прелистувачите на Интернет страници, што е подобро решение отколку даунлодирањето на посебниот IM софтвер. Исфрлајќи ја потребата за инсталирање и активирање на посебен IM софтвер, Yahoo ќе се обиде да им се приближи на милионите корисници низ светот. Ова ќе им биде од корист и на сите деловни луѓе, на оние кои често патуваат, како и на оние чии компании го блокираат даунлодот и инсталацијата на месинџерот од безбедносни причини. Според зборовите на Бред Гарлингхаус од Yahoo, на преголем број луѓе им е блокиран пристапот и користењето на овој програм, па претставувањето на IM, базиран на броусери, е начин за брзо и едноставно ширење на текстуална комуникација меѓу корисниците од цел свет.




## USB АКВАРИУМ




Овој аквариум е идеален за сите компјутерски фанатици кои немаат време да го тргнат погледот од мониторот за да ги нахранат своите миленичиња, но и за луѓето на кои им е тешко самостојно да се грижат за рибите. Откако ќе се поврзе со кабел со компјутерот, со USB аквариумот се управува преку посебен софтвер кој овозможува сè - од регулирање на температурата на водата, контролирање на работата на филтерот, до правење меурчиња-воздух. Бидејќи аквариумот доаѓа со минијатурна веб-камера која пренесува сè што се случува во него, директно на мониторот, вашите подводни миленичиња секогаш ќе ви бидат пред очи.

FA. ALIJA DAUTOSKI
POGREBEN INSTITUT

MEGJUNARODEN POGREBEN INSTITUT - STUTTGART. VRŠIME PREVOZ NA POČINATIOT SO AVTOMOBIL ILI AVION. BRZO, SIGURNO I KOREKTNO. OBEZBEDUVANJE NA SITE POTREBNI DOKUMENTI I OSTANATI POTREBI. RASPOLAGAME SO KOMPLETNA POGREBNA OPREMA. NAŠITE USLUGI SE, OD MESTOTO NA POČINATIOT OD SITE EVROPSKI ZEMJI DO MESTOTO NA POGREBOT !

EDINSTVEN MAKEDONSKI POGREBEN INSTITUT. PROVERENA USLUGA!
I VO NAJTEŠKITE MOMENTI NIE SME SO VAS! VI STOIME NA RASPOLAGANJE 24 ČASA

D I A B CH F NL MK



Büro Makedonija
Tel. 048 / 473 315
Mob. 070 / 711 788
70469 Stuttgart - Leobenerstr. 33
Feuerbach www.dautoski.de

Büro Stuttgart
Tel. 0711 / 8 17 78 72
Fax 0711 / 8 17 78 73
Mob. 0171 / 5 46 32 20
0172 / 7 62 20 49